РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1091/4
13-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-рата седница одржана на 11.09.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1091/1 од 15.02.2023 година против лицето ----------, претседател на Сојуз на Здруженијата на ----------- на Македонија, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што наведеното лице во пријавата не е службено лице согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1091/1 од 15.02.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 15.02.2023 година поднесена е пријава против лицето --------, претседател на Сојуз на Здруженијата на ------- на Македонија и оформен е предмет број 12-1091/1 од 15.02.2023. Кон пријавата дополнително се доставени известувања заведени со број 12-1091/2 од 16.03.2023 и 12-1091/3 од 14.08.2023 со иста содржини.

Во пријавата подносителот упатува на злоупотреба на службена должност од страна на лицето при распределбата на средствата од солидарниот фонд на -----------, но и наводи за судир на интереси бидејќи истото лице е член на Управен одбор на ---------------- на РСМ. Од ДКСК се бара да се спречат ваквите аномалии.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека наводите во пријавата се активности од страна на лица кои согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не се службени лица за кои ДКСК има надлежност за постапување поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: А.Р:М., советник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Софка Пејовска-Дојчиновска**